е-мобилност

Партизански Одреди 74 / 14 Скопје
info@elektromobilnost.mk
www.elektromobilnost.mk
тел. +389 70 267 622
Централен Регистар на РМ – ЕМБС: 6841864
Трансакциска сметка НЛБ: 210 – 068418640159
Единствен даночен број: 4057013520204

**До**
**Влада на Република Македонија**

**Предлог:**
**Иницијатива за ослободување од плаќање патарини за електрични и хибридни возила во Р.Македонија**

НВО Електромобилност Македонија како единствена регистрирана граѓанска организација во Република Македонија која со своите активности делува во насока на промовирање на електрични и хибридни возила поради бројните бенефиции за општеството, бара од Владата на Република Македонија преку прифаќање на ваквата иницијатива поддршка за идејата да се овозможи полесен пристап на електричните и хибридни возила до граѓаните.

НВО Електромобилност бара од Јавното претпријатие за државни патишта кое е надлежно за патарините поставени на автопатиштата низ Р.Македонија да им овозможат на граѓаните и правните субјекти кои користат или во иднина ќе набават електрични или хибридни возила **ослободување од плаќање патарина**, на кој што начин ќе се даде директен допринос во стимулирање на населението за замена на традиционалните возила со возила базирани на "зелени" технологии.

Поддршката на ваквата иницијатива ќе значи сериозен чекор кон промоција на е-мобилноста во Р.Македонија што воедно ќе биде и испраќање на порака за поддршка на напорите на Европската Унија кон промовирање на намалувањето на $CO_2$ во воздухот и заштита на животната средина.

НВО Електромобилност стои на располагање на Владата во процесот на спроведување на инцијативи и проекти поврзани со промоција на електромобилноста (електричен транспорт) во насока на подигнување на свесноста и перцепцијата на граѓаните кон новите трендови во мобилноста кои нудат значајни бенефиции за општеството и животната средина.

Со почит,

29.07.2015 г.

подносител
НВО Електромобилност Македонија

Здружение за електрични возила
ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА
Скопје